Врз основа на член 11 став 1, точка 6 од Законот за јавните претпријатија (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/02 и 40/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 4.07.2006 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ЦЕНОВНИКОТ ЗА ОДСТРЕЛ НА ДИВЕЧ И УСЛУГИ ВО ЛОВИШТАТА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ПОВЕЌЕНАМЕНСКОТО ПОДРАЧЈЕ “ЈАСЕН“ - СКОПЈЕ**

1. Владата на Република Македонија дава согласност на Ценовникот за одстрел на дивеч и услуги во ловиштата на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје “Јасен“ - Скопје, донесен од Управниот одбор на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје “Јасен“ - Скопје, под бр. 03-131.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-3074/2
4 јули 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски,** с.р.